# УФО

## УМЕТНИЧКИ ФЕСТИВАЛ ОХРИД

18 - 21 Јуни

## 18 Јуни
## Сабота
## Градски плоштад

18ч **Перформанс**
"Залепи се!"
АРТерија и музичка група од
Државно средно музичко
училиште од Струга

## 19 Јуни Недела
## Центар за култура
## "Григор Прличев"

18-21ч **Цртање графити**
Владимир Трајаноски, Мики
Блажески, Илија Богданоски
Незир Керимоски и
Петар Стефаноски

21ч **Перформанс**
Даниел Коцев

21:30ч **Коктел**

22ч **Филмска проекција**
Компресор ЗКТ

**Инсталација**
Ален Реџепагиќ и
Даниела Илиевска

## 20 Јуни
## Понеделник
## Центар за култура
## "Григор Прличев"

18-21ч **Цртање графити**

18-21ч **Изложба**
Кирче Стојоски

21ч **Перформанс**
"Името ми е Владимир Лур"
Ненад Јолдески и Јован
Наумоски

21:30ч **Коктел**

22ч **Филм проекција**
Компресор ЗКТ

**Инсталација**
Ален Реџепагиќ и
Даниела Илиевска

## 21 Јуни Вторник
## Старо пристаниште

19ч **Перформанс**
АРТерија

## АЛЕН РЕЏЕПАГИЌ и ДАНИЕЛА ИЛИЕВСКА

### „Поврзувања - Контакти - Врски...“

Инсталацијата претставува бирање на сопствените патишта до одредени цели и можностите на човековите поврзувања – контакти – врски... како и неговите релации со другите индивидуи видени од еден поинаков аспект. Чудните и апсурдни ситуации прикажани преку наопаку поставените фигури на велосипед доаѓаат од различноста на варијантите кои притоа ни стојат на располагање, а кои често имаат ограничувања. Испреплетените јажиња го претставуваат „сопствениот погон“ на човечкото битие во тој социјален контакт, како на сопствен начин се движи кон целта, некогаш принуден да бара „поинакви“

**Ален Реџепагиќ** од Скопје, роден 1973 година, е дипломиран вајар, насока керамика на ФЛУ – Скопје во класата на проф. Беди Ибрахим (2007).

**Даниела Илиевска** од Ресен, родена 1983 година, е магистриран вајар, насока керамика на ФЛУ – Скопје во класата на проф. Беди

## “ЗАЛЕПИ СЕ!”

Културна вакцинација и обележување на Охридската културна артерија со перформанс на ЦКП АРТерија и музичка група од Државното средно музичко училиште од Струга.

## КОМПРЕСОР ЗКТ

Здружение од Скопје коешто се стреми да биде катализатор и реализатор на креативни идеи посветени како на трансформацијата на опкружувањето во кое живееме, така и на личната преобразба и созревање на индивидуалната свест.

## АРТЕРИЈА ПЕРФОРМАНС

Перформанс на ЦКП АРТерија по повод “Денот на езерото” 21ви Јуни.

## ЦРТАЊЕ ГРАФИТИ

**Владимир Трајаноски, Мики Блажески, Илија Богданоски, Незир Керимоски и Петар Стефаноски**

# НЕНАД ЈОЛДЕСКИ и ЈОВАН НАУМОСКИ

## "Името ми е Владимир Лур"

Перформанс кој претставува амалгам од поетски, музички и театарски код којшто балансира на маргините на медиумите со цел да раскаже една љубовна приказна со подвоен идентитет, суптилна онолку колку што е бизарна. Перформансот за првпат беше изведен во МКЦ во Скопје по повод 30 години од Катедрата за општа и компаративна книжевност. Во Охрид ќе биде прикажан за првпат во малку подолга варијанта.

**Ненад Јолдески** е роден во Струга, 1986 година. Моментално ја пишува својата магистерска теза на Катедрата за општа и компаративна книжевност на државниот Филолошки факултет.

**Јован Наумоски** е роден во Охрид, 1987 година. Активно се занимава со музика. Воедно е и еден од членовите на групата „Hardfaced".

## ДАНИЕЛ КОЦЕВ

Перформанс во кој се одвива еден непрекинат циклус за раѓањето сè до смртта и за целиот товар што го носиме за сето време со нас. Приказна за кармата, одбивност кон религијата и слепото обвинение на ругите за сопствените грешки. Се раѓаме и умираме со *тоа што сме го заслужиле, тоа што е наше ќе* остане наше. Перформансот за првпат е изведен на „Скопско лето“.

**Даниел Коцев** од Скопје, роден 1983 година, е дипломиран вајар на ФЛУ Скопје во класата на Беди Ибрахим (2007).

## КИРЧЕ СТОЈОСКИ

Изложба на дизајнирани парчиња мебел.

Роден 5.2.1978 година во Охрид.
Дипломирал на Факултетот за арт и дизајн при ЕУ – Р.М., отсек Дизајн на ентериер. Активно се занимава со дизајн на мебел, индустриски дизајн и сликарство. Во областа на индустрискиот дизајн учествувал во повеќе меѓународни конкурси и на неколку групни изложби во државава.

АРТЕРИЈА
ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРЕН ПРОТОК

## БЛАГОДАРНОСТ ДО:

ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА
И БИБЛИОТЕКА
"ГРИГОР ПРЛИЧЕВ"

## СПОНЗОРИ:

ДОН МАРКЕТ
LIONS CLUB LYCHNIDOS
ГУМНО - ПЛАСТ
ДАМАР РЕСТОРАН
БЕЛВЕДЕРЕ РЕСТОРАН
JAZZ INN - JAZZ CLUB
КЕНТЕРС - МЕБЕЛ
ДР. АНГЕЛА АНГЕЛЕСКА
OBJECTIF BAR OHRID
МОБИ ПЕТРОЛ
ВЕЛКОСКИ ГРАДБА